*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-449/3*
*14.07.2025*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.2), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета

**по изготвен**
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП СО НАМЕНА А- ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- од североисток граничи со КП 3553/1, КП3558, КП3596, КП 3812, КП 3842, КП 3845 и КП 3844/1 КО Штип 3

- од исток граничи со улица "АСНОМ", КП 5969/1 и КП 5522 КО Штип 3

- од југоисток граничи со КП 5554, КП 5559, КП 5558, КП 5562, КП 5905 и КП 5569/1 КО Штип 3

- од запад граничи со КП 5569/1, продолжува по улица Косовска, КП 5653, повторно продолжува по улица "Косовска", по КП 3766, КП 3769/2, КП 3761/1, КП 3748/1 КО Штип 3, за да заврши со улица "Радански пат". Во планската програма дефиниран е плански опфат кој е прикажан на графички прилог. Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 227060,4m2.

ОПШТИНА ШТИП

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008



Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП СО НАМЕНА А-ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува од 15 јули 2025 (вторник) до 29 јули 2025 год (вторник).

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЧЕТВРТ СИ 07.05 И СИ 07.10 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП СО НАМЕНА А- ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Повторната јавна анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 30 јули 2025 (среда) до 12 август 2025 год (вторник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 6 август (среда) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*

*Борислава Мишева, диа*

*Контролирал:*

*Лазар Хаџи Николов*

*Секретар на Општина Штип*

*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***

*Градоначалник*

*Иван Јорданов*

*Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*